Објавено на огласна табла и веб страна на судот на ден 20-08-2024 година.

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи по предлогот на доверителот Друштво за производство, промет, трговија, услуги, транспорт, индустриска логистика, технологии , консалтинг, истражување и анализа РОЛИС ГМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци со седиште на ул. Плоштад Маршал Тито бр. 17-1/5 Кавадарци со ЕМБС: 7131879 , како предлагач за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за управувачи дејности ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со седиште во с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7260210 и ЕДБ: 4080018571569 , на рочиште заради расправање на условите за отворање на стечајна постапка над должникот во присуство на управителот на предлагачот Горан Митев од Кавадарци и привремениот стечаен управник Младен Веселинов од Скопје а во отсуство на должникот , на ден 20-08-2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Предлогот за отворање на стечајна постапка поднесен од доверителот Друштво за производство, промет, трговија, услуги, транспорт, индустриска логистика, технологии , консалтинг, истражување и анализа РОЛИС ГМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, од 28-06-2024 година, **се усвојува.**

**Се отвора стечајна постапка** над должникот Друштво за управувачи дејности ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со седиште во с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7260210 и ЕДБ: 4080018571569 и трансакциски сметки бр. 280109104130710 што се води при Силк Роуд Банка АД Скопје и број 300000004184034 што се води при Комерцијална Банка АД Скопје, со приоритетна дејност - управувачки дејности со шифра 70.10, на ден **20-08-2024 година во 10,30 часот.**

**За стечаен управник** се именува лицето Младен Веселинов од Скопје лиценциран и овластен стечаен управник регистриран како стечаен управник ТП БИРОТИМ стечаен управник Младен Веселинов Скопје ул. Христо Татарчев 23 бр.32 Скопје, број на телефон 070-327-845, e-mail:birotims@yahoo.com .

**Се повикуваат** доверителите да ги пријават своите побарувања како и своите разлачни права на подвижните предмети и правата на должникот, како и разлачните права на недвижностите на должникот што не се запишани во јавните книги, односно разлачните права на недвижностите што се запишани во јавните книги, да назначат на кои предмети постои разлачно право, начинот и основот на заснование на тоа право, како и средствата за обезбедување на побарувањата, во рок од 15 дена од објавувањето на решението во Службен Весник на РСМ, на адреса на стечајниот управник со приложена уплатница од 480,00 денари на име судски такси трезорска сметка 100000000063095, НБ на РСМ, уплатна сметка 840-132-03359, приходна шифра 722213, програма 00, начин 2-за физички лица а за правни лица уплатна сметка 840-132-03358, приходна шифра 722211, програма 00, начин 2.

**Се повикуваат** должниците на стечајниот должник да ги исполнат своите обврски што ги имаат спрема должникот а на стечајниот управник.

**Се определува** отворањето на стечајната постапка над стечајниот должник да се запише во трговскиот регистар Централен Регистар на РСМ и во јавните книги во кои се запишани правата на недвижностите, кои се должни по службена должност врз основа на доставените решенија да го забележат отворањето на стечајната постапка и во други соодветни регистри, заради упис на ограничувањето за располагање во јавните книги.

**Се закажува** рочиште за испитување на побарувањата на доверителите- **испитно рочиште** за на ден **08-10-2024 година во 13,00** часот во судница бр.2 на Основен Суд Кавадарци.

**Се закажува** собрание на доверители на кое врз основа на извештајот на стечајниот управник ќе се одлучува за натамошниот тек на стечајната постапка- **извештајно собрание** за на ден **08-10-2024 година во 13,30** часот во судница бр.2 на Основен Суд Кавадарци.

**Да се известат** доверителите со оглас за отворање на стечајната постапка, кој се објавува на огласна табла на судот , во Службен Весник на РСМ, како и во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на РСМ а решението да се достави до Централен Регистар на РСМ и Агенција за катастар на недвижности на РСМ Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Доверителот Друштво за производство, промет, трговија, услуги, транспорт, индустриска логистика, технологии, консалтинг, истражување и анализа РОЛИС ГМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци , во својство на предлагач , со предлог доставен до овој суд на 28-06-2024 година, наведе дека се исполнети условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за управувачи дејности ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци , повикувајќи се дека има стасано побарување спрема должникот.

Во предлогот од страна на предлагачот е наведено дека должникот е инсолвентен односно неспособен за плаќање од причина што истиот не може да ги намири пристигнатите парични обврски во рок од 45 дена од нивното пристигнување.

Како докази за постоењето на побарувањето предлгачот кон предлогот достави решение за издавање на нотарски платен налог НПН.бр.576/23 од 30-08-2023 година на нотар Зарија Апостолова од Неготино , Налог за извршување И.бр.929/23 од 18-09-2023 година на извршител Ангел Костадиновски.

Кон предлогот , предлагачот има доставено Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр.0813-50/150020240226759 од 28-06-2024 година издадена од Централен регистар на РСМ дека должникот не ги исплаќа доспеаните обврски повеќе од 45 дена , Тековна состојба за должникот бр. 0805-50/150020240223270 од 25-06-2024 година , Тековна состојба за доверителот бр. 0805-50/150020240224518 од 26-06-2024 година, пресуда ПЛ1.ТС.бр.6/23 од 13-09-2023 година на Основен Суд Велес заверена кај нотар УСП.бр.2066/24 од 26-06-2024 година, Налог за извршување И.бр.388/24 од 13-05-2024 година на извршител Ангел Костадиновски од Кавадарци .

Судот во текот на постапката донесе и решение СТ.бр.15/24 од 01-07-2024 година со кое определи аванс на трошоците за претходната постапка, а согласно одредбата од чл.53 ст.3 од Законот за стечај.

Предлагачот во законскиот рок го уплати определениот аванс на трошоци за претходна постапка.

При таква состојба, Судот во конкретниот случај утврди дека се исполнети условите за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка во смисла на одредбата од чл.54 ст.1 и донесе решение за поведување на претходна постапка на ден 08-07-2024 година.

Судот со истото решение оцени дека во конкретниот случај се исполнети и условите за определување на мерки за обезбедување и со тоа би се спречило да настане таква промена по финансискиот статус и имотната положба на должникот кои што би можеле да бидат неповолни за доверителите.

Во таа смисла, Судот согласно одредбата од чл.58 ст. 1 , ст.2, т.1,2,3 и 4 определи мерки за обезбедување

Како е определена општа забрана за располагање, судот го задолжи привремениот стечаен управник да постапи согласно одредбата од чл. 59 ст.1, т.1,2 и 3 и став 2 од Законот за стечај.

Судот закажа рочиште за испитување на условите за отворање на стечајна постапка за на ден 20-08-2024 година и објави оглас во Службен Весник на РСМ и тоа во број 152 од 22-07-2024 година, го објави решението од 08-07-2024 година на огласната табла на судот , во Централен Регистар на РСМ и го достави до должникот и до сите институции.

На адресата запишана во ЦР на РСМ во тековна состојба за должникот обидот за достава на решението до должникот е останат неуспешен затоа што управителот на должникот не бил затекнат и должникот не ја извршувал својата дејност но судското решение е јавно објавено а во смисла на одредбата од чл.10 од Законот за стечај.

На ден 15-08-2024 година по пошта а примен во судот на ден 16-08-2024 година привремениот стечаен управник во судот достави Извештај за економско финансовата состојба на должникот и за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот .

На рочиштето за испитување на условите за отворање на стечајна постапка одржано на ден 20-08-2024 година застапникот на предлагачот си остана при предлогот наведувајќи дека должникот не го исплатил побарувањето на доверителот и предлага судот да ги изведе сите докази и да отвори стечајна постапка над должникот и изјави дека во целост го прифаќа извештајот изготвен од привремениот стечаен управник.

Судот ги изведе предложените докази преку увид во : Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки бр.0813-50/150020240226759 од 28-06-2024 година издадена од Централен регистар на РСМ дека должникот не ги исплаќа доспеаните обврски повеќе од 45 дена , Тековна состојба за должникот бр. 0805-50/150020240223270 од 25-06-2024 година , Тековна состојба за доверителот бр. 0805-50/150020240224518 од 26-06-2024 година, пресуда ПЛ1.ТС.бр.6/23 од 13-09-2023 година на Основен Суд Велес заверена кај нотар УСП.бр.2066/24 од 26-06-2024 година, Налог за извршување И.бр.388/24 од 13-05-2024 година на извршител Ангел Костадиновски од Кавадарци, известување бр.1104-281/2 од 12.07.2024 година на Агенција за катастар на недвижности, извештај за економско финасиската состојба на должникот, изготвен од привремениот стечаен управник Младен Веселинов од 14.08.2024 година, а примен во судот на 16.08.2024 година со прилози, известување бр.08-1623/2 од 22.04.2024 година на ЦДХВ Скопје, информација за поврзани субјекти бр.0820-50/150020240270636 од 31.07.2024 година на ЦР на РСМ, известување РЕГ.бр.12.1.6-1199/24 од 07.08.2024 година на МВР, потврда за издадена информација од заложен регистар бр.1604-50/150020240270637 од 31.07.2024 година на заложен регистар и регистар за лизинг при ЦР на РСМ, уверение дека лицето не е запишано како носител на право во катастар на недвижости бр.1108-1708/2024 од 18.07.2024 година на АКН, листинг од обработена годишна сметка бр.0906-50/150020240278610 од 08.08.2024 година на ЦР на РСМ, потврда бр.12.1.4.3-10/1-2906/2 од 14.08.2024 година на МВР, па ја утврди следната фактичка состојба:

Должникот е регистриран на 17-01-2018-та година под назив Друштво за управувачи дејности ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци со седиште во с. Возарци Кавадарци со ЕМБС: 7260210 и ЕДБ: 4080018571569 , со приоритетна дејност - управувачки дејности со шифра 70.10 кое нешто се утврдува и од увид во Тековна состојба за должникот бр. 0805-50/150010240223270 од 25-06-2024 година на Централен регистар на РСМ.

Должникот своето финансово работење го одвивал преку вкупно две трансакциски сметки и тоа со бр. 09104130710 што се води при Силк Роуд Банка АД Скопје и број 300000004184034 што се води при Комерцијална Банка АД Скопје , кое нешто се утврдува преку увид во Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки со бр. 0813-50/150020240226759 од 28-06-2024 година на Централен Регистар на РС Македонија.

Основач -сопственик на должникот согласно податоците од Тековната состјба на должникот е правниот субјект ГЛОБАЛ СПЕЃАЛ ОПОРТЈУНИТИЗ ЛТД со ЕМБС: 157958 (В) со седиште во Бахамите а негов управител е лицето Димитриос Пахос со сдреса на живеење во во Бермуди.

Доверителот имал ненаплатено побарување од должникот во износ од 6.409.416,00 денари со камата како и трошоци а децидно наведени во пресуда

пл1.ТС.бр.6/23 од 13-09-2023 година на Основен Суд Велес а за наплата на истото доставил и барање за извршување до извршител Ангел Костадиновски заведено под работен број И.бр.388/24 .

Доверителот Друштво за производство, промет, трговија, услуги, транспорт, индустриска логистика, технологии , консалтинг, истражување и анализа РОЛИС ГМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци, на ден 28-06-2024 година поднел предлог за отворање на стечајна постапка над должникот кој што во овој суд бил заведен под работен број СТ.бр.15/24 и судот во смисла на одредбите од чл.53 од Законот за стечај на ден 01-07-2024 година донел решение со кое го задолжил доверителот во својство на предлагач да ги авансира трошоците за водење на претходна постапка.

Откако доверителот ги авансирал трошоците судот со решение од 08-07-2024 година поведе претходна постапка и определи мерки за обезбедување децидно наведени во изреката на решението.

На 15-08-2024 година по пошта а примен во судот на ден 16-08-2024 година привремениот стечаен управник во судот депонира Извештај за економско финансовата состојба на должникот и за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот со повеќе приложени докази .

Во извештајот привремениот стечаен управник констатирал преку увид во Тековна состојба за должникот добиена преку Централен Регистар на РСМ дека правната форма на должникот е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, со основна главнина во вид на паричен влог во износ од 5000 евра , дека неговиот деловен статус е -неактивен , а потеклото на капиталот е странски.

Привремениот стечаен управник во изготвениот извештај констатирал дека не можел да оствари контакт со управителот на должникот затоа што истиот не се наоѓал во седиштето на должникот, и дека не можел да изврши увид во книговодствената евиденција на должникот и дека преку поранешен вработен во друг субјект „Еуроникел Индустри “ во стечај добил на увид само архивски материјали со архивска книга..

Привремениот стечаен управник за да не се одолговлекува стечајната постапка извештајот го изготвил врз основа на извршениот увид во Листинг на обработена годишна сметка за 2022-ра година која била последна предадена годишна сметка во ЦР на РСМ за должникот и од увидот во приложените докази во стечајниот предмет, посебно од увидот во доказите добиени од надлежните институции и книговодствената евиденција на должникот и други докази прибавени докази во претходна постапка констатирал дека :

Во листинг од обработена годишна сметка за 2022-ра година и тоа во делот биланс на успех должникот прикажал вкупно приходи во висина од 122.497.304,00 денари а расходи во вкупен износ од 239.391.669,00 денари или деловната година ја завршил со загуба во висина од 116.894.365,00 денари.

Во биланс на состојба за 2022-ра година прикажал нетековни средства во висина од 620.000,00 денари, долгорочни финансиски средства во висина од 620.000,00 денари , тековни средства во висисна од 116.208.251,00 денари или вкупна актива во износ од 160.949.743,00 денари а вкупна пасива во идентичен износ .

Привремениот стечаен управник врз основа на податоците од билансот на состојбата за 2022-ра година констатирал дека должникот располагал со долгорочни финансиски средства во висина од 620.000,00 денари, тековни средства-краткорочни побарувања во износ од 160.279.628,00 денари, парични средства и парични еквиваленти во износ од 50.115,00 денари а дека вкупните обврски на должникот изнесуваат 3.069.266.852,00 денари .

Привремениот стечаен управник преку увид во Информација за поврзани субјекти бр. 0820-50/150020240270636 од 31-07-2024 година на ЦР на РСМ констатирал дека должникот е евидентиран како основач / содружник во три правни субјекти и тоа Друштво за производство, трговија, промет и услуги НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО Пехчево, Трговско друштво за управувачки дејности, трговија и услуги НОВО ФЕНИ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци и Трговско друштво за ископ на руди, производство на метали, трговија и услуги ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ДОО -во стечај с. Возарци Кавадарци .

Привремениот стечаен управник преку увид во Потврда бр. 1604-50/150020240270637 од 31-07-2024 година на Заложен регистар на ЦР на РСМ констатирал дека должникот има воспоставено залог по идентификационен број 100040993 од 13-06-20218 година .

Привремениот стечаен управник извршил увид во приложените докази и посебно во Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки издадена од Централен регистар на РСМ со бр. 0813-50/150020240226759 од 28-06-2024 година и констатирал дека двете трансакциски сметки во две банки преку кои должникот го вршел своето работење биле блокирани во подолг временски период од 45 дена.

Од увидот во уверение бр.1108-1708/2024 од 18-07-2024 година на Агенција за катастар на недвижности привремениот стечаен управник констатирала дека должникот не е запишан како носител на правото на недвижностите во катастар на недвижности.

Од увидот во потврда бр. 08-1623/2 од 22-04-2024 година на Централен Депозитар за хартии од вредност привремениот стечаен управник констатирал дека должникот не е евидентиран како имател на хартии од вредност.

Привремениот стечаен управник во изготвениот Извештај преку увид во потврда бр. 12-1.4.3-10/1-2906/2 од 14-08-2024 година на МВР констатирал дека должникот е евидентиран во системот АОП како сопственик на моторно возило и тоа мопед марка Longija, тип LJ50QT-3L, произведен во 2018 година со број на регистарски таблици SK 7329 AP , со број на шасија L4HCTEBP6J6000083.

Во Извештајот за економско финансовата состојба на должникот, како и во својата изјава дадена на рочиште одржано на ден 20-08-2024 година привремениот стечаен управник оцени дека должникот е неликвиден , дека не може да ги исплаќа своите обврски на денот на нивното доспевање , со блокирани жиро сметки, но дека должникот поседува нетековни средства -долгорочни финансисски средства, тековни средства-краткорочни побарувања, должникот е основа односно сооснивач во други правни субјекти и поседува моторно возило од кои би можело да се формира стечајна маса и над кој може да се спроведе стечајна постапка заради покривање на трошоците на постапката и намирување на побарувањата на доверителите .

Привремениот стечаен управник оцени дека се исполнети условите судот да го усвои предлогот на доверителот, да отвори стечајна постапка над должникот а во смисла на одредбите од чл.66 од Законот за стечај.

Извештајот на привремениот стечаен управник во целост беше прифатен од доверителот.

Врз основа на Извештајот за економско финансовата состојба кај должникот за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот изготвени од привремениот стечаен управник и изведените докази , судот оцени дека предлогот поднесен од доверителот за отворање на стечајна постапка над должникот е основан и дека над должникот треба да се отвори стечајна постапка а од следните причини:

Согласно одредбата од чл.5 од Законот за стечај „ Стечај или реорганизација над стечајниот должник се спроведува кога стечајниот должник е неспособен за плаќање, односно му претстои идна неспособност за плаќање. Ќе се смета дека должникот е неспособен за плаќање ако во период од 45 дена од која било негова сметка, кај кој било носител на платниот промет, не е исплатен износот што требало да биде исплатен врз основа на важечките основи за плаќање".

Од увидот во изведените докази а посебно од извршениот увид во Тековна состојба на сметки на субјект добиени од регистар на трансакциски сметки издадена од Централен регистар на РСМ со бр. 0813-50/150020240226759 од 28-06-2024 година судот прифати за утврдено дека сметките на должникот се блокирани подолго од 45 дена.

Од извршениот увид во Извештајот за економско финансовата состојба кај должникот и за постоење на причини за отворање на стечајна постапка над должникот изготвен од привремениот стечаен управник судот прифати за утврдено дека должникот не е ликвиден , дека не може да ги измирува своите обврски и затоа судот

оцени дека се исполнети условите од чл.5 од Законот за стечај и одлучи да отвори стечајна постапка над должникот.

Судот во конкретниот предмет од увидот во истите докази оцени дека должникот поседува нетековни средства -долгорочни финансисски средства, тековни средства-краткорочни побарувања, должникот е основа односно сосновач во други правни субјекти и поседува моторно возило од кои би можело да се формира стечајна маса и над кој може да се спроведе стечајна постапка заради покривање на трошоците на постапката и намирување на побарувањата на доверителите . .

Предвид на горенаведеното судот одлучи како во ст. 1 и ст.2 од изреката на решението.

Судот согласно одредбата од чл.31 ст.3 од Законот за стечај, на предлог на доверителот-предлагач го именува стечајниот управник од листата на управници на овој суд а како што е наведено во ст.3 во изреката на решението.

Судот согласно одредбата од чл.69 ст.3, ст.4, ст.5 и ст.6 од Законот за стечај одлучи како во ст.4, 5, 6 и 9 во изреката на решението а согласно одредбата од чл.70 ст.1 и ст. 2 од Законот за стечај одлучи како во ст.7 и ст.8 во изреката на решението, а за објавувањето на решението е одлучено во смисла на чл.71 и чл.72 од Законот за стечај.

Поради наведеното следуваше, Судот да одлучи како во изреката на решението .

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ:СТ.бр.15/24 од 20-08-2024 година**

Стечаен судија,
Елизабета Петковска,с.р.

**Правна поука согласно чл. 73 од ЗС:**
Против ова решение должникот има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението преку овој суд до Апелационен Суд Скопје.

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да биде доставено до:**

1. Должникот- Друштво за управувачи дејности ЕУРОНИКЕЛ ДООЕЛ с. Возарци Кавадарци
2. Доверителот-Друштво за производство, промет, трговија, услуги, транспорт, индустриска логистика, технологии , консалтинг, истражување и анализа РОЛИС ГМ ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци
3. Стечаен управник - Младен Веселинов +оглас
4. Централниот Регистар на РСМ-Регистрациона Канцеларија во Велес
5. Агенција за катастар на недвижности Скопје Одделение во Кавадарци
6. Комора на извршители на РСМ- ул. Костурски Херои бр.66/4 Скопје
7. Комерцијална Банка АД Скопје
8. Силк Роуд Банка АД Скопје
9. Огласна табла и веб сајт на судот
10. Оглас да биде објавен во Службен Весник на РСМ
11. Оглас да биде објавен во два дневни весника кои се дистрибуираат на територијата на РСМ.